УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

UDC 80 (82)

ISSN 1857-7059

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2023

# YEARBOOK 2023

ГОДИНА 14
БРОЈ 21

VOLUME 14
NO 21

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP
FACULTY OF PHILOLOGY

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2023
# YEARBOOK
# 2023

ГОДИНА 14 | VOLUME XIV
БР. 21 | NO 21

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF PHILOLOGY

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

**За издавачот:**
проф. д-р Луси Караниколова -Чочоровска

**Издавачки совет**
проф. д-р Дејан Мираковски
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева
проф. д-р Луси Караниколова -Чочоровска
проф. д-р Светлана Јакимовска
проф. д-р Ева Ѓорѓиевска

**Редакциски одбор**

проф. д-р Ралф Хајмрат – Универзитет од Малта, Малта
проф. д-р Неџати Демир – Универзитет од Гази, Турција
проф. д-р Ридван Џанин – Универзитет од Едрене, Турција
проф. д-р Стана Смиљковиќ – Универзитет од Ниш, Србија
проф. д-р Тан Ван Тон Та – Универзитет Париз Ест, Франција
проф. д-р Карин Руке Бритен – Универзитет Париз 7 - Дени Дидро, Франција
проф. д-р Роналд Шејфер – Универзитет од Пенсилванија, САД
проф. д-р Кристина Кона – Хеленски Американски Универзитет, Грција
проф. д-р Златко Крамариќ – Универзитет Јосип Јурај Штросмаер, Хрватска
проф. д-р Борјана Просев-Оливер – Универзитет во Загреб, Хрватска
проф. д-р Татјана Гуришиќ-Беканович – Универзитет на Црна Гора, Црна Гора
проф. д-р Рајка Глушица – Универзитет на Црна Гора, Црна Гора
доц. д-р Марија Тодорова – Баптистички Универзитет од Хонг Конг, Кина
доц. д-р Зоран Поповски – Институт за образование на Хонг Конг, Кина
проф. д-р Елена Андонова – Универзитет „Неофит Рилски“, Бугарија
м-р Диана Мистреану – Универзитет од Луксембург, Луксембург
проф. д-р Зузана Буракова – Универзитет „Павол Јозев Сафарик“, Словачка
доц. д-р Наташа Поповиќ – Универзитет во Нови Сад, Србија

проф. д-р Светлана Јакимовска, проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска,
проф. д-р Ева Ѓорѓиевска, проф. д-р Махмут Челик, проф. д-р Јованка Денкова,
проф. д-р Даринка Маролова, проф. д-р Весна Коцева, доц. д-р Надица Негриевска,
доц. д-р Марија Крстева, доц. д-р Наталија Поп Зариева, проф. д-р Игор Станојоски,
проф. д-р. Лидија Камчева Панова

**Главен уредник**
проф. д-р Светлана Јакимовска

**Одговорен уредник**
проф. д-р Ева Ѓорѓиевска

**Јазично уредување**
м-р. Лилјана Јовановска (македонски јазик)
доц. д-р Сашка Јовановска (англиски јазик)
доц. д-р Наталија Поп Зариева (англиски јазик)

**Техничко уредување**
Славе Димитров

**Редакција и администрација**
Универзитет „Гоце Делчев“-Штип
Филолошки факултет
ул. „Крсте Мисирков“ 10-А п. фах 201, 2000 Штип
Република Северна Македонија

# YEARBOOK
# FACULTY OF PHILOLOGY

**For the publisher:**
Prof. Lusi Karanikolova-Cocorovska, PhD
**Editorial board**
Prof. Dejan Mirakovski, PhD
Prof. Liljana Koleva-Gudeva, PhD
Prof. Lusi Karanikolova-Cocorovska, PhD
Prof. Svetlana Jakimovska, PhD
Prof. Eva Gjorgjievska, PhD

**Editorial staff**

Prof. Ralf Heimrath, PhD – University of Malta, Malta
Prof. Necati Demir, PhD –University of Gazi, Turkey
Prof. Rıdvan Canım, PhD – University of Edrene, Turkey
Prof. Stana Smiljkovic, PhD – University of Nis, Serbia
Prof. Thanh-Vân Ton-That, PhD – University Paris Est, France
Prof. Karine Rouquet-Brutin PhD – University Paris 7 – Denis Diderot, France
Prof. Ronald Shafer PhD – University of Pennsylvania, USA
Prof. Christina Kona, PhD – Hellenic American University, Greece
Prof. Zlatko Kramaric, PhD – University Josip Juraj Strosmaer, Croatia
Prof. Borjana Prosev – Oliver, PhD – University of Zagreb, Croatia
Prof. Tatjana Gurisik- Bekanovic, PhD – University of Montenegro, Montenegro
Prof. Rajka Glusica, PhD – University of Montenegro, Montenegro
Ass. Prof. Marija Todorova, PhD – Baptist University of Hong Kong, China
Ass. Prof. Zoran Popovski, PhD – Institute of education, Hong Kong, China
Prof. Elena Andonova, PhD – University Neofilt Rilski, Bulgaria
Diana Mistreanu, MA – University of Luxemburg, Luxemburg
Prof. Zuzana Barakova, PhD – University Pavol Joseph Safarik, Slovakia
Ass. Prof. Natasa Popovik, PhD – University of Novi Sad, Serbia

Prof. Svetlana Jakimovska, PhD, Prof. Lusi Karanikolova-Cocorovska, PhD,
Prof. Eva Gjorgjievska, PhD, Prof. Mahmut Celik, PhD, Prof. Jovanka Denkova, PhD,
Prof. Darinka Marolova, PhD, Prof. Vesna Koceva, PhD, Prof. Nadica Negrievska, PhD,
Prof. Marija Krsteva, PhD, Prof. Natalija Pop Zarieva, PhD, Prof. Igor Stanojoski, PhD,
Prof. Lidija Kamceva Panova, PhD

**Editor in chief**
Prof. Svetlana Jakimovska, PhD

**Managing editor**
Prof. Eva Gjorgjievska, PhD

**Language editor**
Liljana Jovanovska, MA (Macedonian language)
Prof. Saska Jovanovska, PhD, (English language)
Prof. Natalija Pop Zarieva, PhD, (English language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of editorial office**
Goce Delcev University
Faculty of Philology
Krste Misirkov b.b., PO box 201
2000 Stip, Republic of Nort Macedonia

# СОДРЖИНА
# CONTENTS


## *Книжевност / Literature*

**Јованка Денкова**
РОМАНОТ „СРЕДБА ВО ОСАМЕНАТА КУЌА“ ОД ПЕТРЕ ДИМОВСКИ
– КАКО КРИК ЗА ПОГОЛЕМА СВЕСНОСТ И ПРЕТПАЗЛИВОСТ
**Jovanka Denkova**
THE NOVEL “MEETING IN THE LONELY HOUSE”
BY PETRE DIMOVSKI - AS AN OUTCRY OF YOUNG PEOPLE FOR
GREATER AWARENESS AND CAUTION ........ 9

**Мерал Шехаби-Весели, Лулјета Адили-Челику**
БИБЛИЈАТА КАКО ИНТЕРТЕКСТ ВО ДЕЛОТО
„ТАТКОТО МУСА ГОЛ“ НА ЧАЈУПИ
**Meral Shekabi-Veseli, Luljeta Adili-Cheliku**
THE BIBLE AS AN INTERTEXT IN THE WORK
BABA MUSA LAKURIQ BY ÇAJUPI ........ 19

**Марија Леонтиќ**
ПОЕТСКИТЕ КНИГИ НА ФЕРИД МУХИЌ
**Marija Leontik**
FERID MUHIC’S POETRY BOOKS ........ 31

**Маријана Ѓорѓиева**
РЕЛИГИОЗНИТЕ АСПЕКТИ ВО ГЕРМАНСКОЈАЗИЧНАТА
ЕКСПРЕСИОНИСТИЧКА ПОЕЗИЈА
**Marijana Gjorgjieva**
THE RELIGIOUS ASPECTS OF GERMAN LANGUAGE
EXPRESSIONIST POETRY ........ 43

## *Култура / Culture*

**Софија Иванова, Ана Витанова-Рингачева**
ВОДАТА И КАМЕНОТ КАКО СИМБОЛИ ВО НАРОДНАТА
ТРАДИЦИЈА НА СВЕТИ НИКОЛЕ И СВЕТИНИКОЛСКО
**Sofija Ivanova, Ana Vitanova-Ringacheva**
WATER AND STONE AS SYMBOLS IN THE FOLK TRADITION
OF THE TOWN SVETI NIKOLE AND THE SURROUNDING AREA........ 57

**Маријана Ѓорѓиева**
СОЦИОЛОГИЈАТА И РЕЛИГИЈАТА
**Marijana Gjorgjieva**
SOCIOLOGY AND RELIGION ........ 73

## *Јазик / Language*

**Билјана Ивановска, Гзим Џафери**
НЕОЛОГИЗМИ ВО СОВРЕМЕНИОТ ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК
ПРЕКУ ПРИМЕРИ ОД ДИГИТАЛНИОТ РЕЧНИК OWID
**Biljana Ivanovska, Gëzim Xhaferri**
NEOLOGISMS IN MODERN GERMAN PRESENTED
BY THE DIGITAL DICTIONARY OWID ...................................................................... 89

**Ana Koceva**
THE VARIABILITY OF LINGUISTIC POLITENESS ................................................... 99

## *Методика на наставата по јазик / Language teaching methodology*

**Марија Гркова-Беадер**
ЗНАЧЕЊЕТО НА МЕТОДИТЕ ВО НАСТАВАТА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИК
**Marija Grkova-Beader**
THE IMPORTANCE OF METHODS IN FOREIGN LANGUAGE TEACHING........ 109

**Emin Idrizi**
TEACHERS’ KNOWLEDGE AND INCORPORATION OF THE
21ST CENTURY SKILLS IN LANGUAGE TEACHING ........................................... 119

## *Преведување / Translation*

**Лидија Таушански, Даринка Маролова**
ПРАВНИТЕ АКТИ ВО ПРЕВОДОТ ОД МАКЕДОНСКИ НА
ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК
**Lidija Taushanski, Darinka Marolova**
LEGAL ACTS TRANSLATED FROM MACEDONIAN
TO GERMAN LANGUAGE ............................................................................................ 133

**Меги Димова, Даринка Маролова**
ПРИМЕНА НА ПРЕВЕДУВАЧКИ ПОСТАПКИ ВО МАКЕДОНСКИОТ
ПРЕВОД НА НОВЕЛАТА „МАЛИОТ ГОСПОДИН ФРИДЕМАН“ ОД
ТОМАС МАН
**Megi Dimova, Darinka Marolova**
APPLICATION OF TRANSLATION PROCEDURES IN THE
MACEDONIAN TRANSLATION OF THE NOVELLA LITTLE
HERR FRIEDMANN BY THOMAS MANN ................................................................ 143

УДК: 821.163.3-93-31(049.3)

Original research paper
Оригинален научен труд

# РОМАНОТ „СРЕДБА ВО ОСАМЕНАТА КУЌА“ ОД ПЕТРЕ ДИМОВСКИ – КАКО КРИК ЗА ПОГОЛЕМА СВЕСНОСТ И ПРЕТПАЗЛИВОСТ

**Јованка Денкова**[1]
[1] Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Македонија
jovanka.denkova@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Во оваа научна статија се осврнуваме кон една тема која сѐ уште е табу на нашиве простори, иако во европски и светски рамки за неа изобилно се говори. Темата на сексуалната злоупотреба на деца и млади (адолесценти) од страна на возрасни е тема која, за жал, е присутна насекаде. Авторот ја разработува темата за сексуално насилство, гледано и низ призмата на семејството, зборувајќи и за ризик-факторите кои придонесуваат за вакви појави, а еден од нив е алкохолизмот.

Авторот Петре Димовски се зафатил да проговори за неа, преку ликот на девојчето Росенка, која ја следи од нејзината помала возраст, па сѐ до училишните денови. Истражувањата говорат дека сексуалното насилство над децата и младите остава краткотрајни и долготрајни последици во развојот на младата личност. Од тие причини, она на што авторот Петре Димовски најмногу апелира во романот „Средба во осамената куќа“ е свесноста за отворено зборување на оваа тема, како еден од начините младите луѓе веднаш да ги препознаат и пријават, како и нивната превенција.

**Клучни зборови:** *деца, адолесценти, сексуално насилство, Петре Димовски*

# THE NOVEL *“MEETING IN THE LONELY HOUSE”* BY PETRE DIMOVSKI - AS AN OUTCRY OF YOUNG PEOPLE FOR GREATER AWARENESS AND CAUTION

**Jovanka Denkova**[1]
[1]Faculty of Philology, Goce Delcev University, Stip, Macedonia
jovanka.denkova@ugd.edu.mk

**Abstract:** In this e non-scientific area article, we refer to a topic that is still taboo in our area, although it is widely discussed in European and world contexts. The topic of sexual abuse of children and youth (adolescents) by adults is a topic that, unfortunately, is present everywhere. The author elaborates on the topic of sexual violence, also seen through the prism of the family, talking about the risk factors that contribute to such phenomena, one of them being alcoholism. The author Petre Dimovski sets out to writes about her, through the character of the girl Rosenka, following her from her childhood until her school days.

Research shows that sexual violence against children and young people leaves short-term and long-term consequences in the development of the young person. For those reasons, what the author Petre Dimovski most appeals to in the novel “Meeting in the Lonely House” is the awareness of openly talking about this topic, as one of the ways for young people to immediately recognize and report, it as well as act upon prevention.

**Key words:** *children, adolescents, sexual abuse, Petre Dimovski*

**Вовед**

Денес многу деца секојдневно се злоупотребуваат и се малтретирани. Под поимот „злоупотреба и занемарување“ подразбираме: физичко, психичко малтретирање, сексуална злоупотреба, недоволна и неквалитетна исхрана која води кон нарушување во развојот, неукажување неопходна медицинска помош и грижа, и злонамерно дрогирање и тргување со децата. Злоупотребите имаат краткорочни и долгорочни последици врз детето кои понекогаш можат да доведат и до смрт. Сега ќе зборуваме за една многу тешка тема која на некој начин е и табу во нашето општество, тема која се избегнува да се коментира и не ѝ се обрнува многу внимание. Дали поради причината што најголем број од злоупотребите се случуваат токму во најблиската околина на детето, во неговото најблиско семејство и е голема чувана тајна, а тоа е – сексуалната злоупотреба и малтретирањето на децата (Манасова-Јовановиќ, 2018).

Романот „Средба во осамената куќа“ од Петре Димовски[1] открива уште една тема за која ретко кој автор се решава да проговори. Имено, тој ја разоткрива темата за сексуалната злоупотреба кај децата и младите, нешто за што во критиката на литературата за деца и млади во европски и светски рамки се зборува многу. Истражувањата говорат дека децата и младите често избираат да не ја откриваат/обелоденуваат сексуалната злоупотреба, со што се спречува пристапот до помош. Исто така, тоа им дозволува на сторителите да продолжат да живеат неоткриени. Наодите од истражувањата на овој проблем, покажуваат дека младите се соочуваат со голем број различни бариери

[1] Петре Димовски е роден 1946 година во Брод, Битолско. Дипломирал на Филолошкиот факултет – Скопје (1975). По завршување средно училиште работел во Австралија. Работел како професор во Битола. Објавувал песни во списанија за деца и млади, а од 1971 г., кога е печатен „Расказот за слепиот коњ“ по конкурсот на „Нова Македонија“, работи на расказот, романот, монодрамата, патеписот, критиката. Добитник е на многу награди и признанија. Го покренал и уредува списанието „Раст“. Член е на Македонското научно друштво и Друштвото на писатели на Македонија, претседател на Битолскиот книжевен круг, зам.-претседател на „Пелагонските културно-научни средби“. Ги објавил следните дела: *Преломи*, раскази, КММ 1973; *Жед и жештини*, раскази, БИД Мисирков 1994; *Пламенка*, роман, Нова зора 1996; *Резервна тајна*, роман, Наша книга 1997; *Крилја*, роман, Наша книга 1998; *Сонце во ќелијата*, роман, Матица 2000; *Ни свој*, монодрами, Матица 2002; *Црната мачка*, раскази, Култура 2002; *Балканскиот ѓавол*, роман, Феникс 2004; *Големата авантура*, роман, Врв 2007; *Потрага по корените*, роман, Дијалог 2008. Добитник — на наградата *4 Ноември* за збирката раскази *Жед и жештини*, на првата награда на *БИД Мисирков* за романот *Пламенка*, наградата на *Фестивалот на монодрамата* за монодрамите *Ни свој*, наградата *Тренд* на ИК „Феникс“ за романот *Балканскиот ѓавол*, наградата *Ванчо Николески* на Друштвото на писателите на Македонија за романот *Големата авантура* и наградата на *ТВ Орбис*.

како што се ограничена поддршка, согледани негативни последици и чувство на самообвинување, срам и вина, кога избираат да обелоденат. Светската здравствена организација (СЗО) ја дефинира сексуалната злоупотреба во детството (CSA) како „вклучување на дете во сексуална активност што тој или таа не ја разбира целосно и не може да даде информирана согласност за неа“ (СЗО, 1999, стр. 15) (Lemaigrea, Taylor, Gittoes, 2017: 39–52).

Целта на отвореното говорење за оваа тема е подигање на свеста за вистинската, криминална природа на сексуалниот насилник, чија постапка длабоко се одразува врз психата и понатамошниот живот на жртвата на тоа насилство – детето/адолесцентот... Децата кои доживеале сексуална злоупотреба, може да претрпат широк спектар на емоционални, бихејвиорални и социјални тешкотии, вклучувајќи гнев, непријателство, вина, срам, депресија, посттрауматски стрес, нарушувања на спиењето, стравови, општи проблеми со однесувањето и несоодветно сексуално однесување за возраста (Deblinger, Stauffer, and Steer, 2001: 332–343).

**За романот – за стравот – за безнадежноста**

Романот „Средба во осамената куќа“ од Петре Димовски започнува со чувство на страв во душата на девојчето кое ќе ја натера да се крие во напуштена, руинирана куќа во близина на нивниот семеен дом: „Тука мене ме доведе и ме сокри само стравот што го имав во себе. Токму пак, стравот ги одвраќаше другите луѓе да не влегуваат во оваа куќа. Стравуваа таа да не се урне врз нив, а јас стравот го носев во себе уште пред првпат да влезам тука. Тој страв беше многу поголем од стравот што го даваше оваа стара и заборавена куќа“ (Димовски, 2016: 5–6). А стравот кај Росенка е предизвикан од човечко суштество, кое, гледано низ очите на детето, делува монструозно: „Никогаш не сум видела да влегува некој во напуштената куќа. Не влегуваше во неа ниту тој, Темниот. Одеднаш, кога мислата вака ќе ми се судри со присетување на него, многу силно во мене нараснува стравот од него. Се плашам, стварно. Многу се плашам од Темниот. Кога кажувам многу, немам споредба за да се сфати веднаш. Тој страв е помоќен од сите стравови што сум ги имала“ (Димовски, 2016: 6). Тој страв се провлекува низ целата книга и го менува животот на девојчето од корен.

Всушност, во романот на Димовски можат да се издвојат две временски рамки од животот на малата/младата Росенка. Нејзините најрани сеќавања се поврзани со чувство на среќа и радост, семејна среќа во семејство во кое таа е единствена рожба, опсипана со љубовта и вниманието на родителите Лина и Калин, а и нивниот добар, близок пријател чичко Кондил. Првата временска точка со која ни се отвора романот, ја покажува Росенка на помала возраст: „Не можам да ви кажам најточно за мојата возраст. Ама знам дека сум малечка. Дека сум многу малечка.“ (Димовски, 2016: 7). Тие најрани сеќавања ѝ се поврзани со играта на летање низ воздухот во рацете на саканиот чичко Кондил: „Мама така го вика. Чичо Кондил. А тато, Брат. Не му е вистински брат, она што се вели родени од иста мајка и грижени од ист татко. Ама заедно се постојано. А така постојано другарувајќи, ете постанале браќа. Затоа се браќа“ (Димовски, 2016: 7).

Веќе следната временска точка е кога Росенка е повозрасна, зашто оди на училиште, има другарки, па дури и симпатија. Нејзината желба да оди на манастирската слава во соседното место, од другата страна на планината, ја открива нејзината љубопитна

младешка природа: „Тоа е едно посебно доживување таму. Ми причинува големо задоволство да го гледам помешувањето на шаренилото на многу луѓе. Се збира таму многу народ. Сум била минатиот пат и сум видела. Одат и други девојчиња. Знам дека ќе ги пресретнам таму“ (Димовски, 2016: 17–18). Неможноста на родителите заради работни обврски да ја однесат таму, ја отвора можноста да оди со саканиот чичо Кондил, во кого родителите имаат безгранична доверба: „Чичо Кондил ќе внимава на тебе како што би внимавал татко ти. Нема да те мислам“ (Димовски, 2016: 17). Таму Росенка е сведок на пиењето алкохол на чичо Кондил: „Потоа седнува со некои луѓе да пие. Сега пие од чашка, не од темно шише како кога пие со тато. Јас постојано сум крај него и му ги бројам чашките што ги испива. Потоа се заборавив и не му ги броев“ (Димовски, 2016: 19). Влошувањето на временските услови ќе ги принуди присутните на манастирската слава да се упатат кон своите домови или да се засолнат во манастирските конаци, но во еден чуден момент, и покрај желбата на Росенка да останат таму, чичо Кондил донесува поинаква одлука: „Големиот двор на манастирот се празнеше. Чичо Кондил стоеше без да се подвижи. Не знаев која е неговата одлука. Капките зачестија и окрупнеа. Удираа со шум. А тој стоеше и понатаму и гледаше неодредено во далечината. Како некаде да беше изгубен... Јас тргнав кон манастирските врати... Но, чичо Кондил ме дофати пред да влезам на вратата од конакот. Изгледаше како да се вратил од голема далечина. И како во тој миг да се пресретнал со тоа што веќе беше уште претходно започнато“ (Димовски, 2016: 20–21).

Во својата студија, Фишер и Мекдоналд говорат за сексуални насилници кои можат да бидат од кругот на семејството или надвор од него (Fischer & McDonald, 1998: 915–929). Во романот на Димовски, иако насилникот не е член на нивното семејство, сепак и самата протагонистка ни го пласира податокот дека овој семеен пријател, им е близок како брат на таткото, т.е. „чичко“, како што впрочем и го ословува.

Во мигот на сокривање од дождот кој истура во накривеното стебло, смирена од топлината на телото на чичо Кондил, Росенка заспива. Кога се буди него – чичо Кондил, веќе го нема: „Одеднаш како да ме налегна некоја тежина во сонот и искокав. Веднаш го побарав чичо Кондил да ме заштити. Го немаше чичо Кондил. Пред мене го видов црниот ѓавол. Чичо Кондил исчезнал. Сета верба од него. И сета надеж. Падна тешкото сознание дека тој никогаш нема да се врати. Дека сѐ се преврти и земјата дојде одозгора, небото оддолу. Исчезна денот и падна ноќта. Доброто се претвори во зло неповратно и трајно“ (Димовски, 2016: 27).

Иако успева да побегне во даден момент, насилникот ја упатува последната закана кон неа: „Вети ми дека нема да кажеш за фустанчето! Ако кажеш ќе ти настрадаат тато и мама и потоа ќе немаш тато и мама!“ (Димовски, 2016: 28) Тогаш кога ќе почне детето/адолесцентот кој е злоупотребуван да се спротивставува, почнуваат ветувања дека тоа повеќе нема да се повтори, а злоупотребувачот понатаму се служи со наговарање, притисоци, принуди и други методи на присила, агресивни, со застрашувања, го обврзува детето да молчи и да ја чува тајната. Кај децата ова предизвикува ужасен страв ((Манасова-Јовановиќ, 2018).

И токму тој страв, како и стравот да не се повтори насилството, почнува да го менува животот на девојчето. Росенка лаже дека при пад на лизгалиштето во училишниот двор си го искинала фустанчето, одбива да појде и на лекар за да не се открие вистината: „Јас сакав по секој начин да го одбегнам тоа, па настојував да го смирам плачот за да се

одбранам од заканата што надвисна над мене... Ја увидов грешката и се трудев повеќе да не ја повторам. Со ништо не смеам да ја предизвикувам и отворам големата закана“ (Димовски, 2016: 32–33). И оттогаш започнува очајната борба на девојчето на повеќе полиња, со цел да сокрие што се случило. Причините за тоа се повеќестрани, но кај неа, најмногу се издвојуваат стравот Темниот да не ѝ ги повреди родителите и да остане сама на светот. Низ повеќе студии на оваа проблематика, се појавуваат пет клучни моменти кои влијаат на процесот на откривање на насилството. Така, жртвата на насилство се плаши дали останатите ќе ѝ веруваат, прашањата кои би им биле поставени, чувство на срам/самообвинување, постоење на стравови и грижи за себе и за другите, како и влијанието од врсниците (McElvaney, Greene and Hogan, 2014: 928–947).

Оттука, Росенка полека, но сигурно почнува да се менува. Иако на почетокот тоа се припишува на стравот од наводниот пад, набргу и во училиштето се забележуваат првите необичности поврзани со неа: сѐ повидливо заостанува во учењето, ги расипува училишните оценки, ја лаже класната раководителка дека мајка ѝ од презафатеност не може да дојде во училиштето на разговор, бега од часовите со изговор дека има лекарски прегледи, ги избегнува најдобрите другарки за да не одговара на нивните прашања од страв да не ја издаде мрачната тајна: „Се плашев од сите тие што ми се блиски. Колку се поблиску до мене, толку стравот е посилен. Сакав да бидам сама. Сама со мојот проблем и со мојот страв. Сама со кошмарот од сонот кој може да ги повреди тие што ме сакаат. Сама со себеси, зашто не знаев како да се поставам пред другите и не умеев да го прикријам мојот страв. А тој страв посилно ме заплашуваше“ (Димовски, 2016: 38–39). Кај неа се забележуваат и промени во исхраната: „Немав апетит за јадење. Некоја мачнина силно ми ја натискаше внатрешноста. Се обидов барем нешто да поткаснам. И само затоа, да не забележи мама дека не сум јадела ништо. Но, чувството дека тоа се враќа назад ме запре во намерата да се присилам да јадам. Стравот ме правеше бессилна и со изгубена волја. Решението го видов во тоа, оброкот што ме чекаше да го фрлам некаде каде нема да го види никој“ (Димовски, 2016: 39).

Истражувањата потврдуваат дека најчестите пречки за откривање на сексуалната злоупотреба, идентификувани од децата, можат да се категоризираат во пет групи: 1. закани упатени од сторителот (на пр., на детето му било кажано дека ќе западне во неволја ако каже); 2. стравови (на пример, детето се плаши дека ќе се случи нешто лошо ако каже); 3. недостаток на можност (на пр., детето не почувствувало можност да ја открие злоупотребата); 4. недостаток на разбирање (на пример, детето не успева да препознае навредливо однесување како неприфатливо) и 5. односот со сторителот (на пример, детето мислело дека сторителот е пријател) (Schaeffer, Leventhal, Asnes, 2011: 343–352).

Не можејќи да го подели својот страв со никого, девојчето почнуваат да го измачуваат кошмарни соништа во кои повторно го преживува стравот од насилството и самиот чин. Психолошката напрегнатост кај девојчето расте до невидени граници и затоа што насилникот и понатаму е чест гост во нивниот дом. Во тие моменти, Росенка бега од домот, кој дотогаш го чувствувала како безбедно место: „Одеднаш ме запре тревожен глас кој ми внесе длабока вознемиреност. Почувствував дека треперам. Дека неконтролирано се тресам... Не влегов таму. Ниту низ првата врата. Темниот е тука! Ме прободе мислата низ збунетиот ум и се вратив назад, низ дворот кон улицата“ (Димовски, 2016: 43). Стравот од средба со него, сѐ повеќе ја оттргнува од дома.

Истражувањата говорат во такви моменти кога детето/адолесцент е загрозено и е жртва на злоупотреба во домот, во голем број случаи тоа може да прибегне и кон бегство од домот и живот на улица (Tyler, 2002: 567–589). Во романот на Димовски, девојчето Росенка единственото место на кое може да побегне е напуштената куќа: „И се присетив на старата распадната куќа чии потемнети прозорци гледаа кон нашиот двор. Ама влезот на куќата беше од другата страна. ...Отпрвин ми се нудеше улицата. Ама не ја прифатив сосема како место за закривање. Ја прифатив како место за бегање“ (Димовски, 2016: 39, 43–44). И таму, во полураспаднатата куќа, Росенка наоѓа една напуштена и ранета душа, со која ќе се идентификува – кучето, кое ќе го нарече Светлоок. Токму повредата на Светлоок ќе биде причина Росенка да влета во замката на Темниот, со изговор дека со колата ќе ја однесе кај ветеринарот по лек за кучето.

Друга заробена душа со која ќе се идентификува е канаринката која ја донесуваат дома нејзините родители за да ја развеселат. Препознавајќи се себеси во неа, Росенка ќе ја ослободи, иако нејзината судбина ќе ја запечати јастребот-грабливец, во чиј лик Росенка го препознава Темниот: „Во секавична брзина, во недофатна форма за окото, прелета, невидливо што и само писокот што се откина од канаринката ја откри вистината. На оградата стоеше јастреб, а во неговите канџи беше затворена малата птица. Потоа одлета со неа како плен за негов оброк“ (Димовски, 2016: 61).

И страда девојчето, во секојдневен страв за најблиските, но истовремено, во неа преовладува и чувство на мала разочараност од немоќта на родителите да ја насетат нејзината мака: „Мама и тато одеа на работа и во нивната грижа за работата не допираше насет за мојата тајна. Кога се враќаа од работа, за свој мир го оставаа мојот мир во мојата соба. А таму постојано тагував. Силно тагував и мојата тага не се намалуваше“ (Димовски, 2016: 63).

Росенка е преплавена од чувство на немоќ, безилезност и страв, верувајќи дека е осамена зашто никому не може да му го довери својот страв. Тој страв ја парализира и единственото нешто на кое е фокусирана е никој да не дознае за она што се случило, за Темниот да не ја реализира својата закана и да им наштети на нејзините. Тој редовно продолжува да доаѓа во нивниот дом, иако Росенка секогаш се обидува успешно да го избегне. Неговата мрачна природа ќе го натера да се прикрадува и околу куќата кога знае дека Росенка е сама дома: „Знам дека си тука. Отвори, ќе ти кажам нешто. Немој да се плашиш од мене, ние сме пријатели, а пријателите се сакаат. (...) Знаев дека си внатре. Надгледував од улицата и не излезе надвор. Знаев дека се сокриваш. Од мене се сокриваш? Не треба да се сокриваш! Му го слушав гласот додека го барав спасот. Толку сакав да викнам да ми помогне некој. Мама, тато...“ (Димовски, 2016: 66)

Сепак, нејзиното невообичаено однесување не останува без реакција кај другарките. Тие, откако се уверуваат дека постои нешто што таа го крие од нив, решаваат да ја следат: „Ивана со друштвото се договориле да ме следат и да надгледуваат. И забележале како во тие денови некој се врткал околу куќата и чукнувал на вратата а не сум му отворала. Знаеле дека сум дома, ме виделе зад прозорецот... Го препознале Темниот, го имале видено во друштво со моите. И со мене“ (Димовски, 2016: 101). Во вакви ситуации, пријателите се јавуваат како клучен извор на поддршка за многу деца и ова е повторлива тема во истражувањето кое го испитуваше однесувањето на децата за барање помош (Jackson, Newall and Backett-Milburn, 2015: 322–332).

И родителите на Росенка стапуваат во акција. Најпрвин мајка ѝ, сосема случајно ќе го слушне нејзиното зборување во сон, поточно во еден од нејзините постојани кошмарни соништа. При спомнување на името на чичо Кондил и кинењето на фустанчето, болката во гласот на Росенка ќе ја натера да ги поврзе навидум неповрзаните детали: „Сомнеж што го вратил времето и ги отворил сликите кои незабележително минеле крај неа, на кои не обрнала доволно и целосно внимание... Го открила моето бегање, мојот страв кога ќе се спомне неговото име. Мојата замолченост кога тој ќе ми проговореше. Не пронашла ниту еднаш каде му одговарам, каде проговорувам со него... И во неа нараснувал сомнежот, се отворала недопрената од неа страна на можен случај на злоупотреба“; „Тато, по зборовите на мама бил многу збунет. Потоа бил лут. И постанал неиздржливо бесен. Тато го прифатил сомнежот на мама дека нешто се случило. Побарал од мама добро да ме чува и ветил, кога ќе се врати од работа, ќе го разреши случајот“ (Димовски, 2016: 107–109).

Сознанието за сексуалната виктимизација на своето дете е генерално неочекуван и збунувачки настан. Кога старателите/родителите најпрвин дознаваат за злоупотребата, нивните реакции значително се разликуваат. Многумина доживуваат чувство на неверување и негирање, слично на она на родител кој дознал дека неговото или нејзиното дете трагично починало. И теоретската и емпириската литература сугерираат дека емоционалното и бихејвиоралното прилагодување на децата по нивната виктимизација е поврзано со реакциите и поддршката што ја добиваат од родителските фигури. Всушност, неколку студии сугерираат дека родителската поддршка може да биде подобар предиктор за психолошко прилагодување отколку факторите поврзани со злоупотреба (Elliott, Carnes, 2001: 314–331). И мајката на Росенка ѝ станува најголем поддржувач, така што решава да ја следи насекаде. Без и да насетува Росенка дека нејзината тајна е скоро откриена, ќе биде следена и заштитувана и од другарките и од мајката. Родителите на дете кое било нападнато од некој надвор од семејството се соочуваат со тешка задача да се справат со сопствените реакции на нападот додека се грижат за потребите на нивните деца. Вообичаените емоционални одговори кои родителите ги изразуваат често спаѓаат во следните области: чувство на вина во однос на неуспехот како родител; амбивалентни чувства кон детето; амбивалентни чувства кон сторителот; и загриженоста за истражните и судските процеси (Regehr, 1990: 113–120).

Разоткривањето на насилникот се случува „благодарение“ на неговата упорност да дојде до својата жртва. Во спротивно, можеби, злосторот никогаш не би бил откриен. Кога Росенка оди во напуштената куќа да му однесе храна на Светлоок, каде си направила и импровизирано живеалиште и безбедно засолниште, несвесна дека е следена од Темниот, повторно ќе биде нападната од него: „Нишањето го предизвикуваше неговото пијанство кое се откри целосно во неговиот глас: Ј-ј-јас сум тука! Најпосле те најдов п-пиленце искубано!...Темниот се исправи пред мене и ме дофати... Тогаш го почувствував најсилниот ужас во својот страв. ...Надмоќно развлече победоносна насмевка која се изрази во морничав грч на закана и пијанство. Неразбирливо ја изрече заканата во која се откриваше ужасот што го донесува кон мене“ (Димовски, 2016: 120–123).

Во стручната литература на оваа проблематика, честопати се говори за ризик-фактори кои придонесуваат за појава на сексуална злоупотреба од страна на возрасна личност кон дете/адолесцент. Еден од нив  е алкохолот. Врската меѓу родителското

консумирање алкохол и сексуалната злопутреба на децата/адолесцентите може да има комплексни последици, бидејќи насилникот може да биде алкохолизираниот татко/родител или некоја друга личност (Widom, Hiller-Sturmhšfel, 2001: 52). Во романот на Димовски, консумацијата на алкохол кај таткото заедно со неговиот најдобар пријател – чичо Кондил се спомнува во неколку наврати во кои може да се забележи и затскриената загриженост и претпазливост на мајката. Првиот пат е додека тој ја лета малата Росенка низ воздухот: „Сега чичо Кондил ме врти како на вртелешка. Татко пие нешто од некакво затемнето шише. Не може да се види што пие." (Димовски, 2016: 10); „Пиеше, Кондил и јас се плашам! Извини ми, ама се плашам! Не можам да не се плашам кога напиен си играш со Росенка!..." (Димовски, 2016: 11); „Ослободен од мојата игра, чичо Кондил седна крај автомобилот на тато. Го зеде темното шише од кое напати пиеја со тато и пиеше сам. Сега чичо Кондил пиеше сам, а тато работеше на поправка на автомобилот" (Димовски, 2016: 15). И во критичната ноќ, на манастирската слава, Кондил изобилно пие: „Потоа седнува со некои луѓе да пие. Сега пие од чашка, не од темно шише како кога пие со тато. Јас постојано сум крај него и му ги бројам чашките што ги испива. Потоа се заборавив и не му ги броев" (19). Во многубројните студии спроведени со престапниците и со жртвите на насилството, најчесто била пријавена злоупотреба на алкохол од страна на сторителот. Алкохолот се појавил во многу случаи за да поттикне злоупотреба. Сепак, децата имаат тенденција да разговараат за ова во контекст на „социјално пиење" известување дека злоупотребата се случила кога сторителот бил пијан или е поверојатно да се случи во контекст на социјално пиење…(Jackson, Newall and Backett-Milburn, 2015: 322–332).

На крај, заедничката навремена акција на другарките и мајката, а пред сѐ храбрата акција на кучето Светлоок, кое ја одбранува Росенка од насилникот, придонесува и за негово санкционирање. Навременото делување при ваквиот тип насилства овозможува нивно рано откривање, со што порано и поуспешно се одвива физичкото и психолошкото зацелување на жртвите од насилството.

**Заклучок**

Во оваа научна статија се осврнавме кон една тема која сѐ уште е табу на нашиве простори, иако во европски и светски рамки за неа изобилно се говори. Темата на сексуалната злоупотреба на деца и млади (адолесценти) од страна на возрасни е тема која, за жал, е присутна насекаде. Авторот ја разработува темата за сексуално насилство, гледано и низ призмата на семејството, зборувајќи и за ризик-факторите кои придонесуваат за вакви појави, а еден од нив е алкохолизмот.

Авторот Петре Димовски се зафатил да проговори за неа, преку ликот на девојчето Росенка, која ја следи од нејзината помала возраст, па сѐ до училишните денови. Иако возраста на девојчето не е точно наведена, од дискурсот со другарките, од фактот дека има симпатија, од нејзиниот однос кон училиштето, може да се претпостави дека се работи за девојче на границата меѓу предадолесценцијата и адолесценцијата.

Истражувањата говорат дека сексуалното насилство над децата и младите остава краткотрајни и долготрајни последици нво развојот на младата личност. Од тие причини, она на што авторот Петре Димовски најмногу апелира во романот „Средба во осамената куќа" е свесноста за отворено зборување на оваа тема, како еден од начините младите луѓе веднаш да ги препознаат и пријават, како и нивната превенција.

**Користена литература**

[1] Deblinger, E., Stauffer, B.L. and Steer, R.E. (2001). Comparative Efficacies of Supportive and Cognitive Behavioral Group Therapies for Young Children Who Have Been Sexually Abused and Their Nonoffending Mothers, Child Maltreatment, Volume 6 Number 4,332–343, https://www.researchgate.net/profile/Linda-Lewin/publication/11676622, 7.3.2023

[2] Elliott, N.A., Carnes, C.N. (2001). Reactions of Nonoffending Parents to the Sexual Abuse of Their Child: A Review of the Literature, Child Maltreatment, Volume 6 Number 4, 314–331. https://www.researchgate.net/profile/Linda-Lewin/publication/11676622, 7.3.2023

[3] Fischer, D. G., & McDonald, W. L. (1998). Characteristics of intrafamilial and extrafamilial child sexual abuse. *Child abuse & neglect*, *22*(9), 915–929, https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/S0145213498000635, 10.3.2023

[4] Jackson, S., Newall, E. and Backett-Milburn, K. (2015). Children's narratives of sexual abuse, Child and Family Social Work, 20, pp 322–332, 2015 – Wiley Online Library, www.academia.edu, 10.3.2023

[5] Lemaigrea, C., Taylor, P.E, Gittoes, C. (2017). Barriers and facilitators to disclosing sexual abuse in childhood and adolescence: A systematic review, Child Abuse & Neglect 70, 39–52, https://www.nationalcac.org/wp-content/uploads/2019/01/Barriers-and-facilitators-to-disclosing-sexual-abuse-in-childhood-and-adolescence-A-systemic-review.pdf, 6.3.2023

[6] McElvaney, R., Greene S. and Hogan, D. (2014). To Tell or Not to Tell? Factors Influencing Young People's Informal Disclosures of Child Sexual Abuse, Journal of Interpersonal Violence, Vol. 29(5) 928–947, jiv.sagepub.com, 10.3.2023

[7] Regehr, C. (1990). Parental responses to extrafamilial child sexual assault. *Child Abuse & Neglect*, *14*(1), 113–120. https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/0145213490900869, 12.3.2023

[8] Schaeffer, P., Leventhal, J.M., Gottsegen Asnes, A.G. (2011). Children's disclosures of sexual abuse: Learning from direct inquiry, *Child abuse & neglect*, *35*(5), 343–352, https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/S0145213411000780, 10.3.2023

[9] Tyler, A.K. (2002). Social and emotional outcomes of childhood sexual abuse: A review of recent research, Aggression and Violent Behavior, 7:6, pp. 567–589, http://www.sciencedirect.com/science/journal/13591789, 10.3.2023

[10] Widom, C. S. and Hiller-Sturmhšfel. (2001). Alcohol abuse as a risk factor for and consequence of child abuse. Alcohol Research & Health, 25.1 (2001): 52. https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC6707113/, 12.3.2023

[11] Димовски, П. (2016). Средба во осамената куќа, Дата Песнопој, Битола.

[12] Манасова-Јовановиќ, Б. (2018). Сексуално злоупотребување на децата – предаторите најчесто се во близина, 17.12.2018, преземено од https://deca.mk/koga-ste-istsrpeni-ne-mozhete-da-bidete-najdobriot-roditel-na-vasheto-dete/ , 12.3.2023



ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2023